Врз основа на член 51 и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Македонија бр. 199/14, 44/15, 44/15 , 193/15 и 31/16) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), го дава следното **го дава следното:**

**СООПШТЕНИЕ**

Се известуваат граѓаните и правните лица од просторот, со дефиниран проектен опфат на **Архитектонско урбанистичкиот проект за "А3" ГРУПНО ДОМУВАЊЕ – ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1.1 НА КП 419/1; КП 414/7 и 414/8, КО Ѓорче Петров 1-Ново Село , Општина Ѓорче Петров-Скопје, дека Општина Ѓорче Петров донесе Одлука за организирање на:**

## Јавна презентација и Јавна анкета

**Површината на проектниот опфат е идентичен со површината на оформената ГП - градежна парцела со АУП од предметните КП 419/1; КП 414/7 и 414/8 и изнесува 13.119,00 м$^{2}$.**

Границите на проектен опфат се поклопуваат со границите на **КП 419/1; КП 414/7 и 414/8, КО Ѓорче Петров 1- Ново Село , Општина Ѓорче Петров-Скопје**.

- **Јавната анкета ќе трае 5 работни дена од 04.05.2016год.** до **10.05.2016год.**, **согласно објавата во Соопштението .**
- **Архитектонско урбанистичкиот проект** ќе биде изложен во просториите **на Општина Ѓорче Петров – Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и локален економски развој** во период од 5 работни дена секој работен ден од 08.00 до 16.00 часот.
- Соопштението за организирање на јавна анкета е објавено во Јавното гласило **"Утрински весник", на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров** **www.opstinagpetrov.gov.mk** **и во информацискиот систем е-урбанизам.**
- **Јавна презентација со стручно презентирање на АУП-от, ќе се одржи на 06.05.2016 (петок) во 13$^{00}$ часот** во просториите на Општина Ѓорче Петров - **Одделение за планирање и уредување на просторот.**
- Анкетните листови за учество во јавната анкета можат да се подигнат во просториите на Општина Ѓорче Петров -**Одделение за планирање и уредување на просторот.**
- Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да доставаат писмени забелешки на анкетните листови во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам и во писмена форма.

**Број** 25-1276/2
28 **04.2016 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Градоначалник,**
**Сокол Митровски**